# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА СТАРО НАГОРИЧАНЕ

Број 2 01.03.2022 година (вторник) Излегува по потреба

СОДРЖИНА

стр.


| | | |
|---|---|---|
| 1 | Одлука за усвојување на Извештај за изршениот годишен попис на постојани средства во Општина Старо Нагоричане со состојба на 31.12.2021 година | 2 |
| 2 | П Р О Г Р А М А за работа на Советот на Општина Старо Нагоричане за 2022 година | 3 |
| 3 | Одлука за давање согласност на Акциски план за работата на Комисијата за еднакви можности на Општина Старо Нагоричане за 2022 година | 7 |
| 4 | Одлука за утврдување потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за КП 3319 м.в.Томинци, КО Старо Нагоричане Општина Старо Нагоричане | 11 |
| 5 | Одлука за изменување на одлука за давање на согласност за прием на недвижни ствари и запишување на сопственост на име Општина Старо Нагоричане | 12 |
| 6 | Заклучок за разгледување на Информација за доставени записници за избор на месна заедница Старо Нагоричане | 13 |
| 7 | Одлука за доделување на еднократна финансиска помош на Благица Јакимовска од Куманово | 14 |
| 8 | Одлука за доделување на еднократна финансиска помош на Стојча Каранфиловски од с.Алгуња | 15 |
| 9 | Одлука за доделување на еднократна финансиска помош на Гвозден Антиќ од с.Драгоманце | 15 |
| 10 | Заклучок за неусвојување на барање доставено од Месна заедница Стрезовце-Војник | 16 |
| 11 | Одлука за донирање на компјутер на МВР Куманово Полициска Станица Старо Нагоричане | 17 |

1. Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002). Градоначалникот на Општина Старо Нагоричане, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**За објавување на Одлука за усвојување на Извештај за изршениот годишен попис на постојани средства во Општина Старо Нагоричане со состојба на 31.12.2021 година**

1.СЕ ОБЈАВУВА Одлука за усвојување на Извештај за изршениот годишен попис на постојани средства во Општина Старо Нагоричане со состојба на 31.12.2021 година, бр.08-9/37 од 22.02.2022 година, која Советот на Општина Старо Нагоричане ја донесе на 6-та седница, одржана на ден 22.02.2022 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на објава во Службен гласник на Општина Старо Нагоричане.

**Бр.09-10/11** **Градоначалник на**
**25.02.2022 година** **Општина Старо Нагоричане**
**Старо Нагоричане** **Жаклина Јовановска с.р.**

Врз основа на член 21 од Законот за Сметководството за Буџетите и Буџетските корисници (“Службен весник на РМ” бр.61/02, 98/02, 81/05, 24/11, 145/15 и 170/17), член 34 и член 35 од Правилникот за Сметководство за Буџетите и Буџетските корисници (“Службен весник на РМ” бр.28/03,62/2006,8/2009, 175/11 и 101/13), член 64 од Законот за Локална Самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/02), Советот на Општина Старо Нагоричане на својата 6-та седница одржана на ден 22.02.2022 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**За усвојување на Извештај за изршениот годишен попис на постојани средства во Општина Старо Нагоричане со состојба на 31.12.2021 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се усвојува Извештајот за изршениот годишен попис на постојани средства во Општина Старо Нагоричане со состојба на 31.12.2021 година.

**Член 2**

Составен дел на оваа Одлука е Извештајот за изршениот годишен попис на постојани средства во Општина Старо Нагоричане со состојба на 31.12.2021 година, бр.05-58 од 17.01.2022 година, доставен од страна на Комисијата за попис на постојани средства и презентиран на седницата на Советот од страна на Претседателот на Комисијата, Славка Стефановска-Цветковска, вработена во Општината.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

**Бр.08-9/37** **Совет на Општина Старо Нагоричане**
**22.02.2022 година** **Претседател,**
**Старо Нагоричане** **Сашка Крстевска-Павловска с.р.**

2. Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002). Градоначалникот на Општина Старо Нагоричане, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**За објавување на П Р О Г Р А М А**
**За работа на Советот на Општина Старо Нагоричане за 2022 година**

1.СЕ ОБЈАВУВА П Р О Г Р А М А за работа на Советот на Општина Старо Нагоричане за 2022 година, бр.08-9/38 од 22.02.2022 година, која Советот на Општина Старо Нагоричане ја донесе на 6-та седница, одржана на ден 22.02.2022 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на објава во Службен гласник на Општина Старо Нагоричане.

| | |
|---|---|
| **Бр.09-10/12** | **Градоначалник на** |
| **25.02.2022 година** | **Општина Старо Нагоричане** |
| **Старо Нагоричане** | **Жаклина Јовановска с.р.** |

Врз основа на член 96 став 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен гласник на Р.М“ бр. 5/02) и член 25 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Старо Нагоричане („Службен Гласник на Општина Старо Нагоричане” бр.9/04), Советот на Општината Старо Нагоричане, на својата 6-та седница одржана на ден 22.02.2022 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**За работа на Советот на Општина Старо Нагоричане за 2022 година**

**Вовед**

Согласно надлежностите што ги даваат Уставот на Р.Македонија, Законот за локална самоуправа и Статутот на Општина Старо Нагоричане, Советот на Општината Старо Нагоричане, за извршување на работата од својата надлежност донесува Програма за работа.

Програмата за работа на Советот во 2022 година ги дава основните рамки и насоки за работата на Советот, овозможува транспарентност во работата но и простор за нејзиното проширување и дополнување од заинтересираните субјекти а во согласност со постојните и новите законски прописи што ќе се донесат во текот на оваа година.

**Содржина на програмата**

- **ПЕРИОД: ЈАНУАРИ–МАРТ 2022 ГОДИНА**

1.ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА СТАРО НАГОРИЧАНЕ ЗА 2022 ГОДИНА;
ИЗГОТВУВАЧ: претседател, градоначалник
ПРЕТСТАВНИК: градоначалник
2.КВАРТАЛЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА СТАРО НАГОРИЧАНЕ ЗА КВАРТАЛ IV ВО 2021 ГОДИНА;
ИЗГОТВУВАЧ: Одделение за финансиски прашања
ПРЕТСТАВНИК: Раководител на одделение
3.ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ЈКП “КОЗЈАК” СТАРО НАГОРИЧАНЕ ЗА 2022 ГОДИНА;

ИЗГОТВУВАЧ: ЈКП”Козјак”
ПРЕТСТАВНИК: Директор на ЈКП”Козјак”
4.ГОДИШНА СМЕТКА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТ НА ОПШТИНА СТАРО НАГОРИЧАНЕ ЗА 2021 ГОДИНА;
ИЗГОТВУВАЧ : Комисија за финансиски прашања
ПРЕТСТАВНИК: општинска администрација
5.ИНФОРМАЦИЈА ЗА ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА ЈАВЕН ПРЕВОЗ ВО ОПШТИНАТА;
ИЗГОТВУВАЧ: Општинска администрација
ПРЕТСТАВНИК: Одделение за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина
6.ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМА ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА СТАРО НАГОРИЧАНЕ ЗА 2021 ГОДИНА;
ИЗГОТВУВАЧ : Градоначалник
ПРЕТСТАВНИК: . Градоначалник
7.ЗАВРШНА СМЕТКА НА ЈКП „Козјак“ Старо Нагоричане ЗА 2021 ГОДИНА;
ИЗГОТВУВАЧ : ЈКП „Козјак“ Старо Нагоричане
ПРЕТСТАВНИК: Директор на ЈКП „Козјак“ Старо Нагоричане
8.СОВЕТНИЧКИ ПРАШАЊА И ДРУГИ ТОЧКИ.

- **ПЕРИОД: АПРИЛ-ЈУНИ 2022 ГОДИНА**

1.КВАРТАЛЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА СТАРО НАГОРИЧАНЕ ЗА КВАРТАЛ I ВО 2022 ГОДИНА;
ИЗГОТВУВАЧ: Одделение за финансиски прашања
ПРЕТСТАВНИК: Раководител на одделение
2.ИНФОРМАЦИЈА ЗА СОСТОЈБАТА НА СПОРТСКИТЕ ЗДРУЖЕНИЈА И КЛУБОВИ ВО ОПШТИНАТА;
ИЗГОТВУВАЧ: Комисија за општествени дејности
ПРЕТСТАВНИК: Претседател на комисијата
3.ИНФОРМАЦИЈА ЗА ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА ЈАВЕН ПРЕВОЗ ВО ОПШТИНАТА;
ИЗГОТВУВАЧ: Општинска администрација.
ПРЕТСТАВНИК: Одделение за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина.
4.ИНФОРМАЦИЈА ЗА СОСТОЈБАТА ВО ОБЛАСТА НА ЗАДРУЖНИТЕ ДОМОВИ ВО ОПШТИНА СТАРО НАГОРИЧАНЕ;
ИЗГОТВУВАЧ: Комисија за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина и природата.
ПРЕТСТАВНИК:претседателот на комисијата.
5.ОДЛУКА ЗА ОРГАНИЗАЦИЈАТА, ДЕЛОКРУГОТ И НАЧИНОТ НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ЗАДАЧИТЕ НА ОПШТИНСКАТА АДМНИСТРАЦИЈА НА ОПШТИНА СТАРО НАГОРИЧАНЕ;
ИЗГОТВУВАЧ: Градоначалник и Одделение за човечки ресурси, правни и општи работи.
ПРЕТСТАВНИК:Градоначалник.
6.СОВЕТНИЧКИ ПРАШАЊА И ДРУГИ ТОЧКИ.

- **ПЕРИОД: ЈУЛИ-СЕПТЕМВРИ 2022 ГОДИНА**

1.ИНФОРМАЦИЈА ЗА СОСТОЈБА СО ВОДОСНАБДУВАЊЕ ВО ОПШТИНА СТАРО НАГОРИЧАНЕ;
ИЗГОТВУВАЧ: ЈКП"Козјак" Старо Нагоричане

ПРЕТСТАВНИК:Директор
2.КВАРТАЛЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА СТАРО НАГОРИЧАНЕ ЗА КВАРТАЛ II ВО 2022 ГОДИНА;
ИЗГОТВУВАЧ: Одделение за финансиски прашања
ПРЕТСТАВНИК: Раководител на одделение
3.ИНФОРМАЦИЈА ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА МАНИФЕСТАЦИИ И РАБОТИ ОД ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА ВО ОПШТИНАТА И ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ЗНАЧАЈНИ ДАТУМИ;
ИЗГОТВУВАЧ: Комисија за одбележување на празници, манифестации и доделување на награди и признанија
ПРЕТСТАВНИК:Претседател на комисијата
4.ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМА ЗА КОРИСТЕЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА СТАРО НАГОРИЧАНЕ ЗА 2022 ГОДИНА;
ИЗГОТВУВАЧ : Градоначалник
ПРЕТСТАВНИК: . Градоначалник
5.ИНФОРМАЦИЈА ЗА СОСТОЈБАТА ВО ОБЛАСТА НА ОБРАЗОВАНИЕТО ВО ОПШТИНА СТАРО НАГОРИЧАНЕ;
ИЗГОТВУВАЧ: Комисија за општествени дејности
ПРЕТСТАВНИК: Претседател на комисијата и директори на општинските основните училишта на територија на Општина Старо Нагоричане
6. РАЗГЛЕДУВАЊЕ НА БЕЗБЕДНОСНА СОСТОЈБА ВО ОПШТИНАТА;
ИЗГОТВУВАЧ : ПС Старо Нагоричане
ПРЕТСТАВНИК: Претставник од МВР – СВР Куманово, ПС Старо Нагоричане
7.ПРОГРАМА ЗА СОБИРАЊЕ НА ЦВРСТ ОТПАД, СО ДЕПОНИРАЊЕ;
-РЕШАВАЊЕ НА ПРОБЛЕМ СО ДИВИ ДЕПОНИИ
ИЗГОТВУВАЧ : претседател и градоначалник
ПРЕТСТАВНИК: Градоначалник
8.ИНФОРМАЦИЈА ЗА РАБОТА НА МЕСНИТЕ ЗАЕДНИЦИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА СТАРО НАГОРИЧАНЕ;
ИЗГОТВУВАЧ: Комисија за месна самоуправа.
ПРЕТСТАВНИК:претседателот на комисијата.
9.СОВЕТНИЧКИ ПРАШАЊА И ДРУГИ ТОЧКИ.

- **ПЕРИОД : ОКТОМВРИ –ДЕКЕМВРИ 2022 ГОДИНА**

1.ПРОГРАМА ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ПРАЗНИК НА ОПШТИНА СТАРО НАГОРИЧАНЕ;

ИЗГОТВУВАЧ: Комисија за одбележување на празници, манифестации и Доделување на награди и призанија

ПРЕТСТАВНИК: Претседател на комисијата

2.БУЏЕТ НА ОПШТИНА СТАРО НАГОРИЧАНЕ ЗА 2023 ГОДИНА и

-ОДЛУКА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТ НА ОПШТИНА СТАРО НАГОРИЧАНЕ ЗА 2023 ГОДИНА;

ИЗГОТВУВАЧ: Одделение за финансиски прашања и Комисија за финансирање, Буџет и локален економски развој

ПРЕТСТАВНИК: општинска администрација

3.КВАРТАЛЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА СТАРО НАГОРИЧАНЕ ЗА КВАРТАЛ III ВО 2022 ГОДИНА;

ИЗГОТВУВАЧ: Одделение за финансиски прашања

ПРЕТСТАВНИК: Раководител на одделение

4.ПРОГРАМА ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ на територија на ОПШТИНА СТАРО НАГОРИЧАНЕ ЗА 2023 ГОДИНА

ИЗГОТВУВАЧ: Комисија за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина и природата.

ПРЕТСТАВНИК: Одделение за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина

5.ПРОГРАМА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО НЕИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ ВО ОПШТИНА СТАРО НАГОРИЧАНЕ ЗА 2023 ГОДИНА;

ИЗГОТВУВАЧ: Комисија за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина и природата.

ПРЕТСТАВНИК: Одделение за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина

6.ПРОГРАМА ЗА ИЗГРАДБА, РЕКОНСТРУКЦИЈА , ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ЛОКАЛНИТЕ ПАТИШТА И УЛИЦИ ВО ОПШТИНА СТАРО НАГОРИЧАНЕ ЗА 2023 ГОДИНА;

ИЗГОТВУВАЧ: Комисија за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина и природата.

ПРЕТСТАВНИК: Одделение за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина

7.ПРОГРАМА ЗА ИЗГРАДБА НА ВОДОВОДНИ И КАНАЛИЗАЦИОНИ СИСТЕМИ ВО ОПШТИНА СТАРО НАГОРИЧАНЕ ЗА 2023 ГОДИНА;

ИЗГОТВУВАЧ: Комисија за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина и природата.

ПРЕТСТАВНИК: Одделение за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина

8.СОВЕТНИЧКИ ПРАШАЊА И ДРУГИ ТОЧКИ.

Програмата за работа на Советот на Општина Старо Нагоричане за 2022 година има отворен карактер така да Советот ќе ги разгледува и сите дополнителини прашања кои ќе произлезат од тековното работење а за кои Советот, Градоначалникот и другите органи ќе оценат дека имаат витално значење за животот и интересот на граѓаните како и по сите прашања кои се инплементација на Закон за локална самоуправа, ќе може Советот да расправа.

Доколку има потреба Советот покренува разни иницијативи пред државните и други органи за решавање на соодветните прашања и проблеми што се од интерес и значење за граѓаните и дава мислење по соодветни закони и одлуки што ги донесуваат повисоките органи.

Програмата влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Старо Нагоричане“.

**Бр.08-9/38** **Совет на Општина Старо Нагоричане**
**22.02.2022 година** **Претседател,**
**Сашка Крстевска-Павловска с.р.**

**3.** Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002). Градоначалникот на Општина Старо Нагоричане, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**За објавување на Одлука за давање согласност на Акциски план за работата на Комисијата за еднакви можности на Општина Старо Нагоричане за 2022 година**

1.СЕ ОБЈАВУВА Одлука за давање согласност на Акциски план за работата на Комисијата за еднакви можности на Општина Старо Нагоричане за 2022 година, бр.08-9/39 од 22.02.2022 година, која Советот на Општина Старо Нагоричане ја донесе на 6-та седница, одржана на ден 22.02.2022 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на објава во Службен гласник на Општина Старо Нагоричане.

**Бр.09-10/13** **Градоначалник на**
**25.02.2022 година** **Општина Старо Нагоричане**
**Старо Нагоричане** **Жаклина Јовановска с.р.**

Врз основа на член 16 од Законот за еднакви можности на жените и мажите-пречистен текст („Службен весник на РМ“ бр.201/15 ), член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 25 од Статутот на Општина Старо Нагоричане („Службен гласник на Општина Старо Нагоричане“ бр.09/04), Советот на Општина Старо Нагоричане на својата 6-та седница одржана на ден 22.02.2022 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**За давање согласност на Акциски план за работата на Комисијата за еднакви можности на Општина Старо Нагоричане за 2022 година**

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Старо Нагоричане дава согласност на Акциски план за работата на Комисијата за еднакви можности на Општина Старо Нагоричане за 2022 година бр.08-9/34 од 22.02.2022 година, усвоен од страна на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите, при Советот на Општина Старо Нагоричане.

**Член 2**

Во состав на оваа Одлука е Акциски план за работата на Комисијата за еднакви можности на Општина Старо Нагоричане за 2022 година бр.08-9/34 од 22.02.2022 година,

презентиран на седницата на Советот од страна на координаторот на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Старо Нагоричане“.

**Бр.08-9/39** **Совет на Општина Старо Нагоричане**
**22.02.2022 година** **Претседател,**
**Старо Нагоричане** **Сашка Крстевска-Павловска с.р.**

**АКЦИСКИ ПЛАН ЗА РАБОТАТА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ НА ОПШТИНА СТАРО НАГОРИЧАНЕ ЗА 2022 ГОДИНА**

| Проблем/ризик | Начин на делување | Програма/проект | Временски период за реализирање | Потребни средства за остварување/за една година | Одговорни за спроведување/партнери | Извор на финансирање | Индикатори |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Запознавање на советници членови на КЕМ со Закон за еднакви можности, Закон за работни односи и меѓународни документи ратификувани од РСМ | Обука за советници од Советот на општина Старо Нагоричане и општинска администрација | Програма за јакнење на капацитетите на локално ниво на телото на Обединетите Нации за жени во РСМ -UN Women | Јануари-март 2022 | 10.000,00 денари | Експерти ангажирани од меѓународни и домашни организации за родова рамноправност, Координатор на КЕМ | Меѓународни и домашни програми и организации кои работат на родова рамноправност ЗЕЛС | Поголема информираност и зголемување на знаењата од од областа за родовата еднаквост на Советот и администрација |
| Непостоење на база со податоци за потребите и интересите на мажите и жените во областа на комунални и урбанистички дејности како | Истражување за потребите и интересите на мажите и жените во областа на комунални и урбанистички дејности | Истражување „ Локалната самоуправа достапна за жените и | Април 2022 | Не се потребни финансиски средства | Координатор, заменик координатор во соработка со интерсекторска група како и со вработените во | Не се потребни финансиски средства | Изготвена анкета, број на анкетирани лица , изготвени табели со приоротети и предлози |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| и животната средина | како и животната средина | мажите ˝ | | | локалната самоуправа | | |
| Непостоење на родово разделени статистички податоци од општинските одделенија и инситуции во надлежност на општината | Прибирање и поделба на информации според пол и нивно ажурирање во надлежност на општинската администрација | Родова статистика како пред услов за родово одговор на општина | Јануари Декември 2022 | Не се потребни финансиски средства | Координатор и заменик координатор како и општинската администрација | Не се потребни финансиски средства | Основано база со родово разделени податоци |
| Непостоење на невладин сектор на територија на општина Старо Нагоричане не воспоставен контакт со невладини организации | Организирање на состаноци Организирање на настан | Според програма на КЕМ | Јануари Декември 2022 | 5.000.00 денари | Координатор и заменик координатор како и општинската администрација | Финансиски средтства од Буџет на општина Старо Нагоричане | Воспоставување на поголема соработка на Комисијата (КЕМ) со невладиниот сектор (НВО); |
| Недоволна промоција на концепт за КЕМ | Организирање на состаноци Организирање на настан | Според програма на КЕМ | Јуни - Декември 2022 | 5.000.00 денари | Координатор и заменик координатор како и општинската администрација | Финансиски средтства од Буџет на општина Старо Нагоричане | -Промоција на концептот на КЕМ |
| Отвореност за граѓански иницијативи | Можност за организирање на граѓански иницијативи и нивно спроведување , како и разгледување на веќе поднесени предлози од | Проект „ Низ женски леќи˝ | Јануари Декември 2022 | Не се потребни финансиски средства | Координатор и заменик координатор како и општинската администрација | Не се потребни финансиски средства | Воведување на Општината во родово буџетски иницијативи преку иницијативи и предлози од страна на КЕМ. |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | граѓанска иницијатива | | | | | | |
| Нема поставено знаци да не се загадуваат површините на територија на Старо Нагоричане | Организирање акција за поставување на информативни табли | Според програма на КЕМ | Мај - јуни2022 година | 10.000,00 денари | Координатор и заменик координатор како и општинската администрација, Комисија за КЕМ и Одделение за инспекциски и комунални дејности | Финансиски средтства од Буџет на општина Старо Нагоричане | Подигнување на јавна свест кај дел од населението за заштита на животната средина, поставување на табли со информативен карактер и со предупредувања. |
| Недоволна информираност на граѓаните за финансиски средтсва за нивна поддршка | организирање на состаноци | Според програма на КЕМ | Јануари - декември 2022 | Не се потребни финанси и | Веб страна Информативна табла, Координатор и заменик координатор како и општинската администрација, како и советници членови на Комисијата за КЕМ | Не се потребни финансии | Информирање на луѓето за користење на еднократна помош за студенти и социјално загрозени случаи од помалку застапен пол до постигнување на родов баланс. |
| Вкупно | | | | 30.000,00 ден | | | |

**Претседател на КЕМ при Совет на општина Старо Нагоричане**

**Бр.08-9/34**
**22.02.2022година**

**Тања Ангеловска с.р.**

4.Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002). Градоначалникот на Општина Старо Нагоричане, донесе

ЗАКЛУЧОК

**За објавување на Одлука за утврдување потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за КП 3319 м.в.Томинци, КО Старо Нагоричане Општина Старо Нагоричане**

1.СЕ ОБЈАВУВА Одлука за утврдување потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за КП 3319 м.в.Томинци, КО Старо Нагоричане Општина Старо Нагоричане, бр.08-9/40 од 22.02.2022 година, која Советот на Општина Старо Нагоричане ја донесе на 6-та седница, одржана на ден 22.02.2022 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на објава во Службен гласник на Општина Старо Нагоричане.

| | |
|---|---|
| **Бр.09-10/14** | **Градоначалник на** |
| **25.02.2022 година** | **Општина Старо Нагоричане** |
| **Старо Нагоричане** | **Жаклина Јовановска с.р.** |

Врз основа на член 10 став 4, член 11 став 1, член 13 став 5 и член 19 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на Р.М.“ бр. 23/2011, 54/2011, 155/2012, 72/2013, 44/2014, 115/2014, 199/2014, 124/2015, 129/2015 217/2015, 31/2016, 190/2017 и 174/2021) како и член 2 став 2, 5 и 6 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко- планска документација („Службен весник на Р.М.“ бр.56/2011, 162/2012, 95/2014 и 109/2014), член 22 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.М.“ бр. 5/02) и член 25 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Старо Нагоричане („Службен гласник на Општина Старо Нагоричане“ бр.9/14), Советот на Општина Старо Нагоричане, на седницата одржана на 22.02.2022 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за утврдување потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за КП 3319 м.в.Томинци, КО Старо Нагоричане Општина Старо Нагоричане**

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за вклопување на бесправно изградени објекти кои се наоѓаат на КП 3319 м.в.Томинци, КО Старо Нагоричане со намена А1-1 Викенд куќа, со цел реализација на Законот за постапување со бесправно изградени објекти.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е/се
- Теренска скица на премерување

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Старо Нагоричане”.

| | |
|---|---|
| Бр.08-9/40 | Совет на Општина Старо Нагоричане |
| 22.02.2022 година | Претседател, |
| Старо Нагоричане | Сашка Крстевска-Павловска с.р. |

5. Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002). Градоначалникот на Општина Старо Нагоричане, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**За објавување на Одлука за изменување на одлука за давање на согласност за прием на недвижни ствари и запишување на сопственост на име Општина Старо Нагоричане**

1.СЕ ОБЈАВУВА Одлука за изменување на одлука за давање на согласност за прием на недвижни ствари и запишување на сопственост на име Општина Старо Нагоричане, бр.08-9/41 од 22.02.2022 година, која Советот на Општина Старо Нагоричане ја донесе на 6-та седница, одржана на ден 22.02.2022 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на објава во Службен гласник на Општина Старо Нагоричане.

**Бр.09-10/15** **Градоначалник на**
**25.02.2022 година** **Општина Старо Нагоричане**
**Старо Нагоричане** **Жаклина Јовановска с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15, член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/02 год.) и член 25 став 1 точка 40 од Статутот на Општина Старо Нагоричане (Службен гласник на Општина Старо Нагоричане бр.9/04), Советот на Општина Старо Нагоричане на 6-та седница одржана на ден 22.02.2022 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за изменување на одлука за давање на согласност за прием на недвижни ствари и запишување на сопственост на име Општина Старо Нагоричане**

**Член 1**

Во одлуката за давање на согласност за прием на недвижни ствари и запишување на сопственост на име Општина Старо Нагоричане, донесена од страна на Советот на Општина Старо Нагоричане под бр. 08-368/19 од 28.04.2021 година („Службен гласник на Општина Старо Нагоричане“ бр.4/2021), во член 1 став 1 точка 1 алинеја 3 наместо зборовите „36 м2“ треба да стојат „26 м2“.

Останатите одредби од основната одлука остануваат неизменети.

**Член 2**

Се овластува градоначалникот на Општина Старо Нагоричане да ја спроведе оваа одлука и да изврши запишување на правото на сопственост на недвижните ствари во Агенцијата за катастар на недвижности.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Старо Нагоричане.

Бр.08-9/41 Советот на Општина Старо Нагоричане
22.02.2022 година Претседател,
Старо Нагоричане Сашка Крстевска – Павловска с.р.

6. Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002). Градоначалникот на Општина Старо Нагоричане, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**За објавување на Заклучок за разгледување на Информација за доставени записници за избор на месна заедница Старо Нагоричане**

1.СЕ ОБЈАВУВА Заклучок за разгледување на Информација за доставени записници за избор на месна заедница Старо Нагоричане, бр.08-9/42 од 22.02.2022 година, кој Советот на Општина Старо Нагоричане го донесе на 6-та седница, одржана на ден 22.02.2022 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на објава во Службен гласник на Општина Старо Нагоричане.

**Бр.09-10/16** **Градоначалник на**
**25.02.2022 година** **Општина Старо Нагоричане**
**Старо Нагоричане** **Жаклина Јовановска с.р.**

Врз основа на член 36 и 62 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), Советот на Општина Старо Нагоричане, на 6-та седница одржана на ден 22.02.2022 година, донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
**за разгледување на Информација за доставени записници за избор на месна заедница Старо Нагоричане**

**Член 1**

Советот на Општина Старо Нагоричане донесе Заклучок со кој ја разгледа Информацијата за доставени записници за избор на месна заедница Старо Нагоричане бр.03.01 2022 од 25.01.2022 година (наш бр.08-62/1 од 25.01.2022 година).

**Член 2**

Се овластува градоначалникот на Општина Старо Нагоричане да го спроведе овој Заклучок.

**Член 3**

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објава во Службен гласник на Општина Старо Нагоричане.

**Бр.08-9/42** **Совет на Општина Старо Нагоричане**
**22.02.2022 година** **Претседател,**
**Старо Нагоричане** **Сашка Крстевска-Павловска с.р.**

7. Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002). Градоначалникот на Општина Старо Нагоричане, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**За објавување на Одлука за доделување на еднократна финансиска помош на Благица Јакимовска од Куманово**

1.СЕ ОБЈАВУВА Одлука за доделување на еднократна финансиска помош на Благица Јакимовска од Куманово, бр.08-9/43 од 22.02.2022 година, која Советот на Општина Старо Нагоричане ја донесе на 6-та седница, одржана на ден 22.02.2022 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на објава во Службен гласник на Општина Старо Нагоричане.

**Бр.09-10/17** **Градоначалник на**
**25.02.2022 година** **Општина Старо Нагоричане**
**Старо Нагоричане** **Жаклина Јовановска с.р.**

Врз основа на член 36 и 62 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), Советот на Општина Старо Нагоричане, на 6-та седница одржана на ден 22.02.2022 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**за доделување на еднократна финансиска помош на Благица Јакимовска од Куманово**

**Член 1**

Советот на Општина Старо Нагоричане донесе одлука за доделување на еднократна финансиска помош на барателот, Благица Јакимовска од Куманово, во висина од 15.000,00 денари од средства од Буџетот на Општина Старо Нагоричане за 2022 година, по барање барање за надомест на штета од настанат пожар доставено од Благица Јакимовска од Куманово бр.03-662 од 10.08.2021 година.

**Член 2**

Се задолжува градоначалникот на Општина Старо Нагоричане да ја спроведе оваа одлука.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објава во Службен гласник на Општина Старо Нагоричане.

**Бр.08-9/43** **Совет на Општина Старо Нагоричане**
**22.02.2022 година** **Претседател,**
**Старо Нагоричане** **Сашка Крстевска-Павловска с.р.**

8. Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002). Градоначалникот на Општина Старо Нагоричане, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**За објавување на Одлука за доделување на еднократна финансиска помош на Стојча Каранфиловски од с.Алгуња**

1.СЕ ОБЈАВУВА Одлука за доделување на еднократна финансиска помош на Стојча Каранфиловски од с.Алгуња, бр.08-9/44 од 22.02.2022 година, која Советот на Општина Старо Нагоричане ја донесе на 6-та седница, одржана на ден 22.02.2022 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на објава во Службен гласник на Општина Старо Нагоричане.

**Бр.09-10/18** **Градоначалник на**
**25.02.2022 година** **Општина Старо Нагоричане**

**Старо Нагоричане** **Жаклина Јовановска с.р.**

Врз основа на член 36 и 62 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), Советот на Општина Старо Нагоричане, на 6-та седница одржана на ден 22.02.2022 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**за доделување на еднократна финансиска помош на Стојча Каранфиловски од с.Алгуња**

**Член 1**

Советот на Општина Старо Нагоричане донесе одлука за доделување на еднократна финансиска помош на барателот, Стојча Каранфиловски од с.Алгуња, во висина од 3.000,00 денари од средства од Буџетот на Општина Старо Нагоричане за 2022 година, по барање барање бр.08-115 од 04.02.2022 година.

**Член 2**

Се задолжува градоначалникот на Општина Старо Нагоричане да ја спроведе оваа одлука.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објава во Службен гласник на Општина Старо Нагоричане.

**Бр.08-9/44** **Совет на Општина Старо Нагоричане**
**22.02.2022 година** **Претседател,**
**Старо Нагоричане** **Сашка Крстевска-Павловска с.р.**

9. Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002). Градоначалникот на Општина Старо Нагоричане, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**За објавување на Одлука за доделување на еднократна финансиска помош на Гвозден Антиќ од с.Драгоманце**

1.СЕ ОБЈАВУВА Одлука за доделување на еднократна финансиска помош на Гвозден Антиќ од с.Драгоманце, бр.08-9/45 од 22.02.2022 година, која Советот на Општина Старо Нагоричане ја донесе на 6-та седница, одржана на ден 22.02.2022 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на објава во Службен гласник на Општина Старо Нагоричане.

**Бр.09-10/19** **Градоначалник на**
**25.02.2022 година** **Општина Старо Нагоричане**
**Старо Нагоричане** **Жаклина Јовановска с.р.**

Врз основа на член 36 и 62 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), Советот на Општина Старо Нагоричане, на 6-та седница одржана на ден 22.02.2022 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**за доделување на еднократна финансиска помош на Гвозден Антиќ од с.Драгоманце**

**Член 1**

Советот на Општина Старо Нагоричане донесе одлука за доделување на еднократна финансиска помош на барателот, Гвозден Антиќ од с.Драгоманце, во висина од 30.000,00

денари од средства од Буџетот на Општина Старо Нагоричане за 2022 година, по барање барање бр.08-137 од 15.02.2022 година.

**Член 2**

Се задолжува градоначалникот на Општина Старо Нагоричане да ја спроведе оваа одлука.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објава во Службен гласник на Општина Старо Нагоричане.

**Бр.08-9/45** **Совет на Општина Старо Нагоричане**
**22.02.2022 година** **Претседател,**
**Старо Нагоричане** **Сашка Крстевска-Павловска с.р.**

10. Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002). Градоначалникот на Општина Старо Нагоричане, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**За објавување на Заклучок за неусвојување на барање доставено од Месна заедница Стрезовце-Војник**

1.СЕ ОБЈАВУВА Заклучок за неусвојување на барање доставено од Месна заедница Стрезовце-Војник, бр.08-9/46 од 22.02.2022 година, кој Советот на Општина Старо Нагоричане го донесе на 6-та седница, одржана на ден 22.02.2022 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на објава во Службен гласник на Општина Старо Нагоричане.

**Бр.09-10/20** **Градоначалник на**
**25.02.2022 година** **Општина Старо Нагоричане**
**Старо Нагоричане** **Жаклина Јовановска с.р.**

Врз основа на член 36 и 62 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), Советот на Општина Старо Нагоричане, на 6-та седница одржана на ден 22.02.2022 година, донесе:

**Заклучок**
**за неусвојување на барање доставено од Месна заедница Стрезовце-Војник**

**Член 1**

Советот на Општина Старо Нагоричане го разгледа барањето, бр.03-438 од 18.05.2021 година, доставено од страна на Месна заедница Стрезовце-Војник и одговорот доставен до Советот од страна на Одделението за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина и природата и по истото донесе Заклучок за неусвојување на барање, бидејќ Совет на Општина Старо Нагоричане нема надлежност над предметната парцела и не може да издава решенија и документација за поставување на спомен обележја (спомен плочи).

**Член 2**

Се овластува градоначалникот на Општина Старо Нагоричане да го спроведе овој Заклучок.

**Член 3**

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објава во Службен гласник на Општина Старо Нагоричане.

**Бр.08-9/46** **Совет на Општина Старо Нагоричане**
**22.02.2022 година** **Претседател,**
**Старо Нагоричане** **Сашка Крстевска-Павловска с.р.**

11. Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002). Градоначалникот на Општина Старо Нагоричане, донесе

ЗАКЛУЧОК

**За објавување на Одлука за донирање на компјутер на МВР Куманово Полициска Станица Старо Нагоричане**

1.СЕ ОБЈАВУВА Одлука за донирање на компјутер на МВР Куманово Полициска Станица Старо Нагоричане, бр.08-9/47 од 22.02.2022 година, која Советот на Општина Старо Нагоричане ја донесе на 6-та седница, одржана на ден 22.02.2022 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на објава во Службен гласник на Општина Старо Нагоричане.

**Бр.09-10/21** **Градоначалник на**
**25.02.2022 година** **Општина Старо Нагоричане**
**Старо Нагоричане** **Жаклина Јовановска с.р.**

Врз основа на член 36, 64, 65 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002), Советот на Општина Старо Нагоричане, на својата 6-та седница одржана на ден 22.02.2022 година, донесе:

ОДЛУКА

**За донирање на компјутер на МВР Куманово Полициска Станица Старо Нагоричане**

**Член 1**

Со оваа одлука, Совет на Општина Старо Нагоричане, дава согласност за донација на движна ствар, сопственост на Општина Старо Нагоричане на Министерство за внатрешни работи, СВР Куманово, Полициска Станица Старо Нагоричане и тоа:

-персонален компјутер Desktop PC Corporate G4900/8GB/256GB SSD/UHD

-монитор 20” Del E2016HV HD LED 16:9 VGA

**Член 2**

Се задолжува градоначалникот на Општина Старо Нагоричане да ја спроведе оваа одлука.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Старо Нагоричане“.

**Бр.08-9/47** **Совет на Општина Старо Нагоричане**
**22.02.2022 година** **Претседател,**
**Старо Нагоричане** **Сашка Крстевска-Павловска с.р.**